ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Собрание на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (637)

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

- Собранието не располага со имотен лист со утврдено право на сопственост/користење на земјиштето и објектот во кој истото е сместено и ги извршува своите функции;

- воспоставена е делумна сметководствена евиденција за книгите со кои располага Собранието.

**Издадено мислење/заклучок*:** (позитивно)

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Да продолжат активностите за:
- запишување на правото на сопственост/користење на имотот со кој располага Собранието;
- целосна евиденција на книгите.

**Клучни системски слабости:**
Доуредување на регулативата во однос на:
- основицата за плата на избрани и именувани лица,
- ангажманот на надворешни соработници,
- отсуствата на пратеници и
- надоместокот на трошоци за патарини.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk